РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2125/4
30.05.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 19.05.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски ја отвори 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Трајчев, во однос на предложениот Дневен ред, истакна дека и покрај претходните дискусии на седниците поврзани со точката „Разно", сè уште не може целосно да ја разбере намерата на претседателот на Советот за исклучување на оваа точка, која со години наназад била редовен дел од Дневниот ред. Потсети дека на претходната седница г-дин Петрушевски го образложил своето право како претседател на Советот да го предлага Дневниот ред и да одлучува по прашањето за вклучување на поединечни точки. Г-дин Трајчев најави дека повеќе нема да предлага дополнување на Дневниот ред со точката „Разно", иако кај него останува дилема околу вистинските намери и причините поради кои се напушти досегашната воспоставена и ефикасна практика. Оцени дека со не додавањето на точката „Разно" во Дневниот ред, се ограничува непосредното право на членовите на Советот да изнесуваат свое видување, мислење или размислување по одредени прашања кои се од значење за работата на Советот. Заврши со став дека, имајќи предвид дека неговите повеќекратни обиди оваа точка повторно да биде стандардна и редовна не беа прифатени, повеќе нема да го иницира нејзиното вклучување.

Г-дин Петрушевски изјави дека секогаш кога некој од членовите на Советот ќе има потреба да предложи вклучување на точката „Разно" или на било која друга точка во Дневниот ред, ќе даде можност Советот да се изјасни по предложеното дополнување.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.05.2025 година.
2. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга.
3. Предлог за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ Шења ДООЕЛ Скопје.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.05.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга. Посочи дека радиодифузерот имал законска обврска да изврши уплата на годишниот надоместок за дозволата најдоцна до минатата среда, но таа обврска не е исполнета. Со оглед на тоа, предложи да се започне постапка за одземање на дозволата, согласно законските прописи. Дополнително информираше дека во комуникација со сопственикот на радиото, тој најавил дека ќе ја изврши уплатата во текот на дополнителниот период од 15 дена, предвиден за исполнување на обврската.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга, Уп1 бр.08-301 од 01.09.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2025-100-0128 од 03.04.2025 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга, Уп1 бр.08-301 од 01.09.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗААВМУ.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ Шења ДООЕЛ Скопје. Истакна дека радиодифузерот не ја исполнил својата законска обврска за уплата на надоместокот во предвидениот рок од 30 дена. Сепак, по започнување на постапката за одземање на дозволата, радиодифузерот ја извршил уплатата на средствата. Со оглед на исполнетата обврска, предложи постапката за одземање на дозволата да се запре.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-778 од 07.09.2023 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.05-2030/2 од 15.05.2025г., ТРД ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост, според доставената ф-ра бр.2025-100-0129 од 07.04.2025 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**